ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Датум: 23 април 2014

# СООПШТЕНИЕ

## Работна посета на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева - Змејкова на Конче



Во рамките на својата посета на општина Конче, директорката Парнарџиева-Змејкова оствари работен состанок со Благој Јованов, градоначалник на општина Конче, при што беше детално информирана за финализирање на тековните активности за отварање на аптека во која граѓаните на Конче ќе може да земаат лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Во Конче ќе им бидат исто така достапни и стоматолошки услуги. Задоволството од тоа што сега за овие услуги 3.600 граѓани не мора да патуваат до Радовиш 18 километри за да земат лекови на рецепт или затоа што им се нужни стоматолошки здравствени услуги. Ова и го пренесе на директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија м-р Маја Парнарџиева-Змејкова, градоначалникот на Конче при нивната заедничка посета на овие два објекта.

